ОУ „Даме Груев“ - Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАК[illegible]
Основно училиште
ДАМЕ ГРУЕВ
БР. 07-4001
30.10 20 25 год.
БИТОЛА

САМОЕВАЛУАЦИЈА

за период од 2023 до 2025



ДАТУМ 26.01.2026

Самоевалуација на училиштето	
Училиште	ОУ „Даме Груев“
Адреса	ул. „Ѓорче Петров“ бр.7
Телефон, е-пошта	**ou-damegruev-bitola@schools.mk**
Период на подготовка на СЕУ	2023-2025
Број на ученици во училиштето	681
Број на подрачни	2
Училишен директор	
Име и презиме	Биљана Дамчевска Бакиевска
Потпис	
Датум	(м.п.)
Одобрување од УО	
Име и презиме	Ивана Здравковска
Потпис	
Датум	26.01.2026

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Индикатори за подрачјето:

1.1 Планирања на наставниците

1.2 Наставен процес

1.3 Искуства на учениците од учењето

1.4 Оценувањето како дел од наставата

1.5 Воннаставни активности и натпревари

Собирање податоци		
Индикатор 1.1 Планирања на наставниците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Годишни/неделни / планови на наставници (печатени/електронски) • Учебници и наставни програми (школски и национални)	Поддршка и следење на планирањата на наставниците	Во процесот на самоевалуација се прибираа информации за тоа како се реализира поддршката и следењето на планирањето на наставниците. Анализирани се годишните и тематските планови, индивидуалните наставни програми и нивната усогласеност со наставните програми и целите на училиштето. Со следење на тоа дали наставниците ги планираа целите на учење на јасен и мерлив начин, како и ги избираа методите и активностите според потребите и способностите на учениците како и планирањето на

• Наставнички досиеја / професионални портфолија (самооценки, рефлексии, развојни планови) • Записници од совети, тимски состаноци • Докази од стручно усовршување / евиденција од обуки (темите, присутни наставници, следни чекори) • Резултати од ученички/тестови и други оценувања (за поврзување на планираното со исходите) • Повратни информации од ученици (анкети/фокус групи/рефлексии) • Повратни информации од родители (анкети/средби) • Анкети/интервјуа со наставници за поддршка и		формите на оценување. Преку записниците од состаноци, и посета на часови се добиваа податоци за квалитетот на планирањето и добиената повратна информација. Дополнителни информации се прибираа од анкетите со наставници за видот на поддршката што ја добиваат, како и од извештаите за стручни усовршувања и активности за професионален развој. Се анализираа и поврзаноста меѓу квалитетот на планирањето и постигнувањата на учениците, како и податоците од анкетите со ученици и родителите за нивната перцепција на јасноста и доследноста на наставата. Така на прашањето **„Ги информирам учениците за целите на наставните програми“** 95% од наставниците целосно се согласиле, а само 5% делумно. Овој исказ го потврдуваат одговорите на родителите, за кои одговорите се дадени во прилог веднаш подолу.  **„Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализирааат“** од 120 анкетирани родители по случаен избор, дури 82% од нив целосно се согласиле, а 12% делумно се согласуваат со тврдењето.

потреби • Распоред на наставни часови, распределба на ресурси • Евиденција на материјали и наставнички ресурси (дидактички материјали, ИКТ алатки) • Извештаи од надворешни инспекции/евалуации		17. Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат:  На основа на овие информации се идентификуваат силните страни, како и областите каде е потребна дополнителна поддршка и насоки за унапредување на наставното планирање.
• Записници од наставнички, одделенски состаноци; • стручни активи; • планирања на наставниците; • записници и списоци од состаноци на стручни активи; • анкети со наставници; • евиденција за стручни усовршувања и активности за професионален развој.	Размена на искуства и на информации при планирањето	Се анализира како наставниците меѓусебно соработуваат и споделуваат искуства при планирањето на наставата, кои форми на тимска работа се користат (методички тимови, заедничко изготвување материјали, споделување добри практики) и колку често се реализира ваква размена. Се следи дали постои соработка и дали споделените идеи придонесуваат за подобрување на наставните планови и квалитетот на наставата. На прашањето дали **во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените**, повеќе од 90% одговориле потврдно, што претставува високо ниво на увереност во професионалната соработка. 10. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените 

Индикатор 1.2 Наставен процес		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Годишните и тематските планови на наставниците; дневниците за работа; • извештаи за реализација на наставната програма; • записници од педагошки и методички состаноци; • записници од посета на часови; • анализи на ученички постигнувања; • анкети со наставници и ученици; • извештаи за спроведени активности во рамките на наставниот процес.	Реализација на наставни планови и програми	Преку степенот на реализираноста на наставните планови и програми според предвидените цели и содржини. Усогласеноста на реализираните активности со планираното, применетите методи на работа, користењето на наставни средства и приспособувањето на наставата според потребите на учениците. Преку добиените информации се утврдуваа постигнувањата, евентуалните отстапувања и причините за нив, како и мерките за подобрување на реализацијата во иднина.

• Годишниот план на училиштето; • наставниот план и програма; • запишани изборни предмети и листи на ученици; • записници од наставнички и стручни совети; • анкети и изјави на ученици и родители за интересите и изборот на предмети; • извештаи за реализација на изборната настава; анализи на кадровска структура; • распоред на часови; • можности на училиштето за обезбедување наставен кадар и ресурси за избраните предмети.	Избор на наставни предмети	Наставните предмети кои се задолжителни се реализираат според Наставниот план кој е пропишан од МОН и БРО според Концепција за основно образование за 7 одд 2025/2026 година. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следеше процедурата за изборните предмети. со анкетни листови и ги сумира податоците. Во интервјуто со фокус-групата со учениците најголемиот дел од учениците се изјасниле дека имаат можност да изберат предмет, Нивните одговори при дискусија во фокус група во глобала се следни: Училиштето при понудата на слободни изборни предмети се води од интересот на учениците, но исто така свесни сме дека мора да се води и од капацитетите на професионалниот кадар/наставниците со кои располага. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.

• Наставните планови и подготвки на наставниците; • дневниците за работа; • записи од посета на часови; • записници од состаноци; • анкети и интервјуа со наставниците и учениците за примената и ефективноста на наставните активности и ресурси; • евиденција за користените наставни материјали, дигитални алатки и опрема; анализи на ученички постигнувања и повратни информации за тоа како избраните активности придонеле за остварување на целите на учењето	Избор на задачи, активности и на ресурси	Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна стручна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Специјалниот едукатор во училиштето дава поддршка на наставниците при изработка на ИОП и модифицирана програма низ консултативни средби. Во одделенијата со ученици со посебни потреби се вклучува по потреба во образовниот процес. Во прилог се резултатите од анкетата на наставници во врска со овој аспект на наставата.  Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава (резултати од анкета на наставници во прилог)

		3. На часовите се внесуваат иновации и се применуваат различни форми, методи и ресурси за успешна реализаци ја на наставната содржина  Ова го потврдува и анкетата на родители, од кои на ова прашање потврдно одговориле најголемиот дел, односно 73%. 5. Наставниците на часовите применуваат различни наставни форми, методи и ресурси за реализирање на настав ата 
• Посета на часови и воннаставни активности; • записници од педагошки состаноци; • анкети и интервјуа со ученици и наставници; • ученички портфолија; • извештаи за групни и	Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно	Нашето училиште промовира и обезбедува еднаквост за сите ученици независно од пол, етничка припадност, верска припадност или социјален статус. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Во анкетата за ученици најголем дел од учениците велат дека на часовите можат да кажат слободно што мислат. На прашањето во анкетата за ученици дали „ Учениците можат слободно да ги искажат своите мислења и ставови“најголемиот дел од нив, дури 71% одговориле дека целосно, а 17% делумно се согласуваат. Сепак постои процент (11%) на ученици кои не се согласуваат со ова тврдење.

проектни работи; • евиденција за учество во ученички иницијативи и активности на ученичкиот парламент; • белешки и извештаи на стручната служба за социјална клима и односите во одделението; • повратните информации од родители и класни раководители		13. Учениците можат слободно да ги искажат своите мислења и ставови  Најголем дел од учениците велат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд. Во прашалникот за наставници, наставниците се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив. Најголем број од учениците одговориле дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е почесто да се применуваат поразлични методи и техники на работа.
	Реализација на образовна инклузија	Во училиштето има 11 ученици со проценка од Системот за проценка на лица со попреченост од кои 10 ученици се со попреченост и 1 ученик со специфични тешкотии во школските постигнувања. Вклучени во редовната настава. Во согласност со препораките од Системот за проценка на лица со попреченост се формира инклузивен тим за ученик (ИТУ) и инклузивниот тим изработува индивидуален образовен план ИОП или модифицирана наставна програма. Во училиштето за 7 ученици се изработуваат индивидуални образовни планови за 2 ученика се изработува модифицирана наставна програма и 2 ученика следат настава со општа поддршка. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивните тимови на ученици ги приспособуваат наставните планови и програми по сите предмети според индивидуалните можности и способности на учениците со посебни образовни потреби. Меѓусебна професионална соработка за овој аспект на наставата

		12. Училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП.  Училиштето има потпишано договор за соработка со ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола и со ОУ. „Ѓорѓи Сугарев“ со Центар за поддршка. На барање на училиштето, а во согласност со препораките од Системот за проценка на лица со попреченост Ресурсниот центар секоја година обезбедува образовни асистенти за учениците со попреченост. Во училиштето се распределени 6 образовни асистенти и еден личен асистент. Двајца ученика дел од наставата ја реализираат во Центарот за поддршка. Со овие ученици индивидуално работи специјален едукатор и рехабилитатор, психолог и педагог, согласно препорачаните услуги од Системот за проценка на лица со попреченост. Инклузивниот тим на училиштето, во согласност со Годишната програма за работа, во текот на годината врши идентификација на ученици со попреченост, следење на нивниот напредок и дава поддршка во учењето. Врши индивидуални средби со родители на ученици со попреченост и дава насоки за работата со учениците надвор од училиштето. Во соработка со наставниците и образовните асистенти во текот на годината се реализираат голем број на работилници чија крајна цел е зголемување на свеста за почитување на различностите, афирмација и вклучување на учениците со посебни образовни потреби во општествениот живот како и индивидуален напредок и развој на секој ученик. Континуирано преку учество на конференции,обуки, тркалезни маси и трибини вработените ги

		надоградуваат своите компетенции за работа со ученици со посебни образовни потреби и го унапредуваат инклузивниот процес. Учениците се активно вклучени во голем број на креативни работилници, еднодневни и повеќе дневни екскурзии, воннаставни активности и интеркултурни проекти.
• Годишен план на училиштето и програма за меѓуетничка интеграција. • Извештаи за реализирани заеднички активности со ученици од различни етнички заедници. • Записници од состаноци на училишниот тим за меѓуетничка интеграција. • Планови и извештаи од проекти, обуки и работилници поврзани со темата. • Анкети и интервјуа со ученици, наставници и родители за ставови и искуства во	Активности за меѓуетничка интеграција во образованието	Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Мал број од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план, а најголем број дека се согласуваат со таа изјава. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат четири работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по четири во рамките на нивните предмети. Во училиштето се реализираа мултикултурно учење и на учениците им овозможува да развијат почитување ,како на сопствената така и на културите на другите етнички заедници што живеат во Република Северна Македонија.Учениците се учат на толеранција,почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најмногубројни се Македонците. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен ентитет со кои би разменувале позитивни практики. Меѓу другото, во училиштето се организираа повеќе наставни и воннаставни активности во кои се вклучени ученици од 1 до 9 одделение, наставници, родители, и претставници од Општината. Во врска со вклученоста на учениците во воннаставните активности, без оглед на пол и етничка припадност со што се применува меѓуетничката интеграција и во пракса, според анкетата, најголемиот дел од учениците (80%) целосно се согласуваат, а 17% делумно.

мултикултурна средина. • Набљудувања на наставни и воннаставни активности со мешани групи ученици. • Фотодокументација, презентации и медиумски објави за реализирани активности. • Извештаи на стручната служба за училишната клима, соработка и толеранција. • Евиденција за учество на наставници и ученици во национални или локални програми за меѓуетничка интеграција. • Повратни информации од партнери (други училишта, организации, општина) за заедничките активности.		5. Најголем број од учениците се вклучени во барем една воннаставна активност, без оглед на пол и етничка при падност  Преку овие активности се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто соработуваат со што се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи.

Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците; • Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници; • Разговор со стручна служба; • Увид во ученичките досиеја; • Увид во евиденцијата на стручните соработници • Атмосферата во училницата; • Индивидуални усни разговори со наставници и ученици	Средина и атмосфера за учење	Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. По однос на тврдењето **На часовите наставниците умеат на интересен начин да го пренесат знаењето**. 71% од учениците се согласуваат, 24% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето.  За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите.

• Анкета со учениците, родителите/старателите и наставниците; Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници; • Разговор со стручна служба; • Увид во евиденцијата на стручните соработници • Атмосферата во училницата; • Индивидуални усни разговори со наставници и ученици • Разговор со стручна служба	Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците	Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, на почетокот на учебната година ги идентификуваа учениците со потешкотии и надарените и талентирани ученици. Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваа индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење превземаа активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници во процесот на поучување користеа различни интерактивни техники, со што им даваа можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. За учениците со попреченост се изработува ИОП или модифицирана наставна програма согласно со насоките од проценката од Системот за проценка на лица со попреченост. Програмите се изготвуваат на ниво на ИТУ, односно ги изготвуваат наставниците во соработка со стручните соработници, образовните асистенти и родителите. По потреба се вклучува и стручно лице од Центарот за поддршка или Ресурсниот центар. Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваа и учениците од социјално загрозени семејства. Од анкетата на наставници по однос на тврдењето „**Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии и со други посебни потреби“**91 % од наставниците се согласуваат, 7% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење, 2% од наставниците не се согласуваат со тврдењето.

		8. Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии и со други посебни потреби  Според направената триангулација на податоците, на исто милсење со своите наставници се и учениците, односно со тврдењето **Наставници од училиштето им даваат подршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, или на учениците со пречки во развојот.** 81% од учениците се согласуваат, 14% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето. 15. Наставници од училиштето им даваат подршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, или на учени ците со пречки во развојот 

Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Правилник и внатрешни акти на училиштето за оценување. • Наставни планови и подготвки на наставниците со планирани форми и критериуми за оценување. • Записници од педагошки и стручни совети, методички состаноци и обуки за оценување. • Евиденција од ученички портфолија, тестови и рубрики за оценување. • Извештаи од супервизии и набљудувања на	Училишна политика за оценување	Оценувањето се вршеше според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето. Членовите на Стручната служба се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користеа планирани методи и форми и дека тој процес се спроведува според критериуми. Наставниците го користат и методот на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците како и ученички портфолија за секој ученик. Учениците и родителите редовно се информираа за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираа во Евидентни листови, во Е – дневник и во Главна книга, кои се водат редовно и навремено. Давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот, а исто така и учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори е мотивирачко за поголеми резултати и подобар кариерен развој на наставниците. По однос на тврдењето „**Наставниците континуирано ги следат и оценуваат постигањата на учениците со различни методи и инструменти за оценување“** 81% од родителите се согласуваат, 15% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат со тврдењето.

часови. • Анкети и интервјуа со наставници, ученици и родители за транспарентноста и објективноста на оценувањето. • Извештаи за ученички постигнувања и анализи на успехот по предмети и одделенија		8. Наставниците континуирано ги следат и оценуваат постигањата на учениците со различни методи и инструмент и за оценување 
• Наставни планови и подготвки на наставниците со предвидени форми и инструменти за оценување. • Ученички тетратки, тестови, портфолија и други примери на оценувани материјали. • Извештаи од посета на часови. • Записници состаноци и обуки за оценување.	Методи, форми и инструменти за оценување	Се направи анализа на разновидноста и соодветноста на методите и инструментите што наставниците ги користат при оценувањето, како и нивната усогласеност со целите на наставата и различните стилови на учење на учениците. Се следеше колку оценувањето е континуирано, објективно и развојно насочено, и дали се користат формативни пристапи за следење на напредокот. Собраните информации покажуваа во која мера применетите методи придонесуваат за реална проценка на знаењето и поттикнувањето на ученичката мотивација и самооценување. По однос на тврдењето „**Континуирано го следам и оценувам напредокот и постигнувањата на учениците, применувајќи различни методи и инструменти за оценување**“ 100 % од наставниците целосно се согласуваат со ова тврдење.

• Анкети и интервјуа со наставници и ученици за применетите методи и нивната ефективност. • Извештаи за ученички постигања и анализи на резултати по предмети. • Внатрешни правилници или упатства за начини и критериуми за оценување.		4. Континуирано го следам и оценувам напредокот и постигнувањата на учениците, применувајќи различни методи и инструменти за оценување  Од друга страна со тврдењето **Наставниците редовно ни даваат повратни информации за нашите постигнувања и напредок во учењето**. 82% од учениците се согласуваат, 16% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 2% не се согласуваат со тврдењето, што може да се земе како добар показател при триангулацијата на податоците. 6. Наставниците редовно ни даваат повратни информации за нашите постигнувања и напредок во учењето 
• Годишни и полугодишни оценки на учениците. • Дневници и евиденција	Коефициент на континуитет на успехот на учениците	Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од двете претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот

за присуство и учество на часови. • Извештаи од наставници за постигнувања и напредок на учениците. • Анализи на ученички портфолија, тестови и резултати од различни форми на оценување. • Податоци од системи за електронска евиденција на резултати (ако постојат). • Записи од разговори со ученици и родители за перцепција на напредокот. • Извештаи од педагошки совети за тенденции во постигнувањата.		на годината презентиран на крајот на учебната година. Во училиштето се следи и анализира континуитетот на ученичкиот успех низ повеќе учебни години. Целта е да се утврди дали учениците одржуваат постојан успех и колку училишните активности, наставните методи и поддршката влијаат на стабилноста на нивните постигнувања. онтинуитетот на успехот е во задоволителна состојба, но има простор за унапредување преку поголема интервенција кај учениците со осцилации во успехот и континуирана поддршка за наставниците.

• Годишна програма за работа; • Програми за воннаставни активности; • Извештај од реализирани екскурзии; • Педагошка евиденција и документација; • Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; • Интервјуа/анкети со наставници • Записници од стручни активи и ученичка заедница; • Список на ученици вклучени во воннаставни активности • Увид во интернет страницата, во весниците, социјални мрежи	Користење на информациите од оценувањето во наставата	Податоците од оценувањето се користеа како основа за планирање и прилагодување на наставата. Наставниците ги користат резултатите и информациите од оценувањето за подобрување на планирањата и реализација на наставата Со идентификување на учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка Планирање на содржини за додатна и дополнителна настава Приспособување на наставните методи.Сите наставници редовно им даваа повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваа во додатна или дополнителна настава. Учениците генерално се задоволни од организацијата на дополнителна поддршка покрај редовните наставни часови, па така по однос на тврдењето **Во текот на учебната година наставниците реализираат дополнителна настава, додатна настава и слободни ученички активности**. 71% од учениците се согласуваат, 24% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето. 

Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Годишни планови на училиштето за воннаставни активности. • Евиденција за реализирани клубови, секции, спортски, културни и проектни активности. • Записници од наставнички и стручни совети за организирани активности. • Анкети и интервјуа со ученици, наставници и родители за учество и интереси. • Фотографии, извештаи и презентации од реализирани	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности	Воннаставните активности и учеството на учениците во натпревари претставуваат важен аспект на целокупниот образовен развој. Тие им овозможија на учениците поттикнување на интереси, развој на социјални и креативни вештини и зајакнување на мотивацијата кај учениците. Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираа во текот на учебната година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација. Училиштето се грижи за задоволување на потребите и интересите на учениците, па затоа во изготвувањето на програмата учествуваа и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи. Во годишната програма исто така се изготвуваа и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците. При реализацијата на воннаставните активности се изработуваа дневни подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите. Во училиштето се спроведуваа различни воннаставни активности како што се еднодневни екскурзии, излети, училишни спортски клубови, секции, акции од хуманитарен карактер, детски организации, подмладокот на Црвен крст, активности поврзани со значајни датуми и проекти за личен и социјален развој. Сето тоа влегува во годишната програма за работа во училиштето. Реализацијата на планираните активности е на задоволително ниво, со добра евиденција преку агенди, списоци на ученици, фотографии, извештаи од координатори и наставници. За да биде сето ова остварливо, неопходен е интересот и на учениците кои по однос на тврдењето „**Постои интерес од страна на учениците за вклучување во воннаставни активности“** 80% се согласуваат, 14% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење,

активности. • Извештаи од соработка со локални организации, институции и партнери. • Анализи на ученички учества и достигнувања во активностите.		6% не се согласуваат со тврдењето. 
• Годишни планови и евиденција за воннаставни активности, со забележан пол и јазик на учениците. • Листи за присуство на клубови, секции, спортски и културни активности. • Анкети и интервјуа со ученици за учество и интереси во вон наставните активности. • Записници од наставнички и стручни совети за организирани	Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности	Во воннаставните активности се вклучени сите ученици од различен пол, а исто така се планираа и реализираа заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности и сл. Вклученоста на родителите е уште една позитивна карактеристика за која се изјасниле и родителите при нивното анкетирање, па по однос на тврдењето **„Соработувам/ учествувам во наставни или воннаставни активности на училиштето кога има потреба од родителска поддршка**. 83% од родителите се согласуваат, 17% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 1% не се согласуваат со тврдењето.

активности и инклузија. • Извештаи од соработка со родители, локални организации и партнери за учество на различни групи ученици. • Извештаи од реализација на активности со забележан состав на учесници.		2. Соработувам/ учествувам во наставни или воннаставни активности на училиштето кога има потреба од родителска поддршка се согласувам 99 делумно се согласувам 20 не се согласувам 1  Ученичката заедница ја реализираа својата програма преку разни активности поврзани со наставата и вон наставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваа можности за дружење по разни поводи на локално ниво
• Годишни планови на училиштето за воннаставни активности и записници од тимски состаноци. • Анкети и интервјуа со ученици за нивните интереси и учество во планирањето. • Листи за присуство и активности на ученици во клубови, секции, спортски и културни	Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности	Се направи анализира на степенот на вклученост на учениците при изборот и планирањето на вон наставните активности, колку се земени предвид нивните интереси и предлози, како и нивната активна улога во подготовка и реализација на активностите. Се следеше дали овие активности ја поттикнуваат самостојноста, иницијативата и одговорноста кај учениците, како и дали придонесуваат за подобрување на мотивацијата и задоволството од учењето надвор од редовната настава

проекти. • Записници од наставнички и стручни совети за организација и избор на активности. • Извештаи и слики од реализирани активности кои покажуваат иницијатива на учениците. • Повратни информации од наставници и родители за вклученост и мотивираност на учениците.		
• Годишни планови и евиденција за училишни и надворешни натпревари. • Листи за присуство и учество на ученици по видови натпревари (академски, спортски, културни и креативни).	Натпревари	Ученичките натпревари во текот на годината се организираа за да се утврдат постигањата на учениците во наставата и вон наставните подрачја. Овие натпревари се организираа на ниво на училиштето, а исто така учениците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. Постои евиденција на постигнати резултати, а најуспешните ученици добиваат пофалници, дипломи и сертификати и уште многу награди на ликовни и литературни конкурси од различни области. Родителите ги потврдуваат овие заклучоци восо одговорите на нивната анкета, односно на тврдењето **Наставниците им даваат поддршка и можности за напредок на талентираните ученици**, 79% од

• Извештаи од наставници и координатори за подготовка и учество на учениците. • Слики, дипломи, признанија и награди. • Записници од наставнички и стручни совети за организација и поддршка на натпреварите. • Анкети и интервјуа со ученици и родители за мотивираност и задоволство од учеството. • Извештаи од локални и национални организации кои организираат натпревари.		родителите се согласуваат, 16% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето. 

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Подрачјето „Планирање, настава и учење“ се однесува на системската организација, реализирање и оценка на наставниот процес во училиштето, со посебен фокус на квалитетот, ефикасноста и инклузивноста на образовната практика. Тоа опфаќа планирање на наставата согласно националните наставни програми, стратегиските цели на училиштето и индивидуалните потреби на учениците, вклучувајќи ја прилагодеността на наставата за различни стилови на учење, компетенции и ниво на постигнување на образовните стандарди.

Во рамките на ова подрачје, се истакнува значењето на примена на разновидни наставни методи, активности и ресурси, како и на целосно интегрирана употреба на форми и инструменти за оценување, кои овозможуваат континуирано следење на напредокот и мотивирање на учениците кон активно учество и самостојно учење. Дополнително, значајна е интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и меѓу самите ученици, која се потпира на отворена размена на идеи, соработка и размена на искуства, создавајќи позитивна и инклузивна училишна средина.

Подрачјето ја опфаќа и активната вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности, како и нивното учество во натпревари, проекти и клубови, што го збогатува формалниот наставен процес и го развива нивниот социјален, креативен и личен потенцијал. Планирањето, поддршката и систематското следење на наставниците се континуирани и структурирани, со цел обезбедување доследна реализација на наставните цели, унапредување на квалитетот на наставата и постигнување одржливи резултати во образовниот процес.

Силни страни

- Наставата се планира системски и во согласност со националните програми и стратегиските цели на училиштето.
- Наставниците користат разновидни методи, активности и ресурси, со фокус на прилагодување на различните стилови и способности на учениците.
- Примената на различни форми и инструменти за оценување овозможува континуирано следење на напредокот и мотивирање на учениците.
- Постојат континуирана поддршка и супервизија на наставниците при планирање и реализација на наставата.
- Размена на искуства и информации меѓу наставниците е редовна, со цел унапредување на наставните практики.
- Интеракцијата меѓу наставници и ученици, како и меѓу учениците, е активно поттикната и се користи за развој на соработка и социјални компетенции.
- Учениците се вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности, што го збогатува нивното формално образование.
- Воннаставните активности и натпревари се разновидни и се реализираат со опфат на сите ученици, независно од пол и јазик на наставата.
- Политиката за оценување е јасно дефинирана и транспарентна, а критериумите и процесите се познати на учениците и родителите.
- Континуитетот на успехот на учениците се следи и се анализира за унапредување на наставата и постигнувањата.

Слаби страни

- Некои наставници се помалку активни во редовната размена на искуства и добри практики со колегите.
- Примената на различни методи и ресурси понекогаш е нееднаква меѓу наставниците.
- Недоволна континуирана анализа на ефективноста на оценувањето и неговото влијание врз мотивацијата на учениците.
- Ограничена е активната вклученост на учениците во планирањето на наставата и одредени воннаставни активности.
- Понекогаш постои недостаток на ресурси или материјали за реализација на сите планирани активности.
- Недоволна интеграција на нови дигитални алатки во наставата и во процесот на оценување.
- Ограничено следење и анализа на постигнувањата на учениците во однос на долгорочниот континуитет на успехот.
- Потребно е понатамошно унапредување на инклузивноста и учеството на учениците од различни етнички и социјални групи во воннаставните активности.
- Недоволна систематска повратна информација од учениците и родителите за квалитетот на наставата и воннаставните активности.
- Понекогаш недоволна координација меѓу наставници и стручни служби за следење и поддршка на учениците со посебни потреби

Приоритети

- **Јакнење на професионалната соработка меѓу наставниците** – редовна размена на искуства, добра практика и материјали за планирање и реализација на наставата.
- **Унапредување на наставните методи и ресурси** – поголема употреба на иновативни и дигитални алатки, прилагодени на различните стилови на учење на учениците.
- **Континуирано подобрување на оценувањето** – развивање формативни и инклузивни практики, со јасни критериуми и повратна информација за учениците.
- **Поддршка и следење на континуитетот на успехот на учениците** – редовна анализа на резултатите и индивидуализирани

мерки за подобрување на постигнувањата.

- **Разновидни и инклузивни воннаставни активности** – обезбедување рамноправно учество на сите ученици, без разлика на пол, јазик или етничка припадност.
- **Јакнење на системот за повратни информации** – редовни анкети и разговори со ученици и родители за квалитетот на наставата и воннаставните активности.
- **Поддршка на наставници преку обуки и супервизии** – професионален развој во планирање, иновативни методи и употреба на алатки за подобрување на наставата.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Индикатори за подрачјето:

2.1 Постигања на учениците

2.2 Мерки за подобрување на постигањата

Собирање податоци		
Индикатор 2.1 Постигања на учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Училишни програми и извештаи • Самоевалуација • Записници од стручните органи на училиштето • Извештаи од стручни соработници • Споредбени прегледи од резултатите од	Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди	Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет. Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик. Според етничката припадност најголем број од учениците се Македонци, мал број се Роми, Турци, и останати етникуми. Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на етничка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети по класификациони периоди. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и

оценувањето • Досиеја на учениците • Интервју со директор и стручни соработници • Анализи на успехот на учениците • Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците • Записници од стручните органи на училиштето • Извештаи од стручната служба • Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето • Интервју со директор и стручна служба		се запишуваат со описни и/или бројчани оценки. Бројната состојба на учениците на крај на учебни години: 2023/2024г. вкупно 729 од нив машки 379, женски 350. 2024/2025г. вкупно 691 од нив машки 356, женски 335 ученици. Од извршената споредба на успехот на учениците според полот се забележува, во учебна 2023/2024 г. одлични се 139 момчиња и 186 девојчиња. Во 2024/2025. од вкупниот број бројчано оценети ученици, 299 се машки и 166 се женски. Средниот успех за крајот на учебната година 2023/2024 од IV - IX одд. е (4,6) додека за учебната 2024/2025 од IV - IX одд. (4,5). Најмногу од учениците се со одличен општ успех. Во учебна 2023/2024 година, одлични се 325 ученици (139 машки/186 женски), многу добри 115 ученици (73 машки/42 женски), добри 48 ученици (41 машки/7 женски), со општ успех доволен -1 ученичка. Еден ученик од деветто одделение го повторува одделението. Еден ученик кој наполнил 16 години, а сеуште не завршил основно оразование, го продолжува образованието во рамките на програмата за основно образование за возрасни. Во учебна 2024/2025 година, одлични се 465 ученици (299 машки/166 женски), многу добри 158 ученици (113 машки/45 женски), добри 59 ученици (44 машки/15 женски). Ученици со општ успех доволен, нема. Еден ученик го повторил одделението. Еден ученик од шесто одделение го повторува одделението. Еден ученик кој наполнил 16 години, а сеуште не завршил

• Е-дневник • Анализи на успехот на учениците		основно образование, го продолжува образованието во рамките на програмата за основно образование за возрасни. Според анализата на општиот успех на учениците и во двете последователни учебни години може да се констатира дека женските ученици постигнуваат подобри резултати од машките. Тие имаат поголем број одлични и многу добри оценки, додека машките имаат повеќе ученици со пониски оценки. Општата средна оценка продолжува да надминува среден успех од 4,5 што докажува дека постои континуитет во високиот среден успех кај учениците во нашето училиште.
	Резултати од екстерни тестирања	Нашето училиште е едно од 200 основни училишта од РСМ во кое се реализира меѓународна студија ТАЛИС 2023. Реализацијата на ТАЛИС 2023 истражувањето се изведе електронски во периодот февруари-март 2024 година. Во мај/јуни 2023 година, нашето училиште беше избрано како едно од 120 училишта во РСМ во кое се реализира Државното тестирање за учениците од петто одделение, за македонски јазик и математика. Нашето училиште беше избрано во примерокот за главното тестирање ПИСА 2025, кое се спроведе електронски во учебната 2024/2025 година
• Разговор со специјален едукатор и рехабилитатор • Разговор со Комисија за запишување на деца во прво одделение	Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост	Училиштето врши идентификација на надарени и талентирани ученици, ученици со тешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби, при што систематски го следи нивниот напредок. Со *надарените и талентираните ученици* наставниците работат континуирано во текот на целата учебна година преку

• Медицинска документација на ученици • Инклузивен тим научилиштето		мотивирање, задавање на дополнителни активности за време на часовите и домашните задачи, како и преку вклучување во различни проекти што одговараат на нивните способности, интереси и потреби. За нив се организира додатна настава, а тие активно учествуваат на училишни, општински, државни и меѓународни натпревари и конкурси. Во училиштето се изработува Програма за работа со талентирани и надарени ученици, која овозможува нивна поголема вклученост и активно учество во сите манифестации и натпревари. Наставниците применуваат различни методи и пристапи во наставата со цел да ги задоволат потребите на учениците со различни способности. За работата со талентирани и надарени ученици се одговорни одделенските и предметните наставници во соработка со педагошко–психолошката служба. Идентификацијата на *учениците со попреченост* се спроведува при упис во прво одделение и на почетокот на секоја учебна година. По идентификацијата, учениците се насочуваат во Служба за функционална проценка на деца и млади (МКФ), со цел добивање на наод и мислење за функционалната проценка, а училиштето постапува согласно препораките од функционалната проценка. Доколку е препорачана образовна асистенција, училиштето преку Ресурсниот центар обезбедува образовни асистенти. Учениците со попреченост добиваат поддршка од наставниците, асистентите и стручната служба, а за нив се изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) и модифицирани наставни програми. Инклузивниот тим на училиштето ги приспособува наставните планови и програми по сите предмети според индивидуалните можности на учениците со посебни образовни потреби.

		Поради долгогодишната успешна работа и напредок на учениците со посебни образовни потреби, училиштето претставува модел училиште за инклузија во редовното образование. Наставниците и стручната служба континуирано соработуваат со родителите на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост, со цел поттикнување на индивидуалниот развој и напредок на секој ученик. По однос на тврдењето **Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии, со телесни пречки во развојот или други посебни потреби,** 72% од родителите се согласуваат, 23% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето. 
• Табеларни прегледи по тримесечја и • квалификациони периоди за постигањата на	Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците	Училиштето применува добро воспоставени методи за информирање на родителите за напредокот на нивните деца. Овие методи опфаќаат редовно прибирање информации за постигањата на учениците и обезбедување транспарентна, навремена и конкретна повратна информација за нивниот успех. По потреба се даваат и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик поединечно.

• учениците • Евидентни листови за • постигањата на успехот на учениците • Увид во педагошка евиденција и во документација • Покани за родителски состаноци за секој квалификационен период за постигањата на учениците • Записници од индивидуални средби со родители во печатена форма • Е-дневник • Советодавно-консултативни средби со родители		Во текот на целата учебна година, преку електронскиот дневник, секој родител има пристап до информации за успехот, редовноста, писмените работи, тестовите на знаење и поведението на своето дете. Покрај тоа, информирањето се одвива и преку отворени денови за родители и родителски средби, SMS-пораки и електронска пошта. Потврда за ова се и резултатите од анкетирањето на родители, кои по однос на тврдењето **Наставниците редовно и навремено ме известуваат за напредокот на моето дете**, 83% се согласуваат, 11% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 6% не се согласуваат со тврдењето.  Училиштето посветува особено внимание на навремено информирање на родителите при изрекување на педагошки мерки, како и на спроведување советување со родителите и учениците, со цел подобрување на однесувањето и постигањата.

Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Записници од наставнички совет на училиштето; • Евидентни листи за советување на родители и ученици од психологот • Извештаи по класификациони периоди • Електронски дневник • Педагошка евиденција одработата на стручен соработник-педагог • Интервју со стручен соработник-педагог • Годишен извештај за работа на училиштето	Редовност во наставата	Редовноста во училиштето е во слична или иста линија, без поголеми отстапувања. Позачестени се оправданите отсуствувања, за разлика од неоправданите. Следува преглед на оправдани и неоправдани изостанувања во претходните две учебни години: 2023/2024 - 7188 изостаноци (оправдани 6483/неоправдани 705) 2024/2025 - 7598 изостаноци (оправдани 7037/неоправдани 561) Од горенаведеното може да се види дека бројот на изостанувања на учениците сепак е многу голем , и има тенденција на зголемување. Со овие податоци запознаен е Наставничкиот совет, Совет на предметни наставници, Совет на одделенски наставници, Советот на родители и Училишниот одбор. Со цел намалување на бројот на изостаноците во изминатите учебни години се преземените мерки: - Советување на родителите на учениците, - Индивидуални средби со родителите од страна на наставниците и стручната служба, - Редовно следење и евидентирање на изостаноците на учениците од страна на наставниците и стручната служба, - Изработена е информативна Брошура за родители, - Почитување на Кодекс на однесување на учениците - Примена на педагошки мерки за намалување на изостаноците. ✓ Учебна 2023/2024 година- изречени педагошки мерки - Усна опомена – 14 - Писмена опомена -2 ✓ Учебна 2024/2025 година – изречени педагошки мерки - Усна опомена – 25

		- Писмена опомена – 5 - Укор – 2 - Префрлање во друга паралелка – 1 Во учебна 2023/2024 и 2024/2025 година сите ученици се оценети со примерно поведение.
• Покани за советувања на родители/старател • Пополнети формулари за советување на родители/старател • Интервју со стручен соработник -психолог	Советување на родители/старатели и ученици	Стручниот соработник - психолог повикувајќи се на член 76, 77 и 78 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) редовно одржува советување на родители/старатели и ученици. Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако: 1. ученикот во текот на наставната година истовремено има негативна оценка по три или повеќе предмети; 2. ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци; 3. ученикот го навреди наставникот; 4. ученикот учествува во различни форми на насилство; 5. ученикот покажува антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување; 6. ученикот предвреме го напушти образованието; 7. ученикот користи говор на омраза и 8.во краток период на ученикот значително му се намали успехот. - 2023/2024 година: тројца (3) родители/ученици од причина значително намален успех за краток период. Еден (1) родител/ученик за нередовно посетување настава. - 2024/2025 година: дваесет (20) родители/ученици за негативни оценки истовремено по три или повеќе предмети. Двајца (2) родители/ученици за нередовно посетување настава. Може да се забележи дека бројот на повикани родители/старатели и ученици за советување се зголемува од година за година.
• Извештаи по класификациони периоди	Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и	Наставниците континуирано работат кон подобрување на постигањата кај сите ученици. Покрај квалитетната редовна настава подобрувањето на постигањата на учениците се постигнува и преку воведување на разни

• Полугодишни и годишни извештаи • Електронски дневници • Записници од наставнички совет	дополнителната настава	современи методи и техники на учење, активно учество на учениците и во вон-наставните активности, тимска работа во рамките на стручните активи, вклучување на надворешни лица од областа на здравството, културата, сообраќајот и сл. кои допринесуваат во проширување на знаењата и интересите на учениците. За ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на наставните содржини по одделни предмети се организира дополнителната настава. Наставниците редовно ги идентификуваат учениците на кои им е потребна дополнителна поддршка и изготвуваат план за работа според нивните индивидуални потреби. Со ваквиот начин на работа се обезбедува навремена поддршка на учениците, се поттикнува нивната самодоверба и мотивација, и се придонесува кон подобрување на целокупните образовни постигања и квалитетот на наставниот процес. Потврда за залагањата на наставниците се анкетите со родители и фокус групи, при што по однос на тврдењето **Наставниците преземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците**, 77% од родителите се согласуваат, 19% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 4% не се согласуваат со тврдењето. 

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и при утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите во подрачјето на постигнувањата на учениците.

За надминување на проблемот со ниската мотивација за посетување на дополнителната настава, потребно е учениците да се вклучат во подготвувањето на стратегија за поефективно користење на овие часови. Овој приоритет подразбира активно учество на учениците во дизајнирањето на програмите, со цел тие да одговараат на нивните реални потреби и интереси. Ваквиот пристап ќе ја зголеми свеста на учениците за значењето на дополнителната настава и ќе го зајакне чувството на одговорност за сопствениот напредок.
На тој начин, дополнителната настава ќе стане поатрактивна и поефикасна, а учениците ќе добијат поголема поддршка за постигнување на успех во образованието.

Една од најзначајните предности на училиштето е и утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца.
Систематизираниот пристап кон известувањето претставува важен елемент што ја олеснува двонасочната комуникација и овозможува навремено информирање и решавање на евентуални проблеми. Во последниот период е забележано нагло зголемување на бројот на советувања со родителите, што се смета за позитивен показател за квалитетот на комуникацијата и довербата меѓу училиштето и семејствата. Овој тренд укажува на зголемена подготвеност на родителите за соработка и активно учество во

поддршката на образовниот развој на своите деца.

Меѓу силните страни на училиштето се издвојува и раната идентификација на надарени ученици и навременото обезбедување соодветна поддршка за нивен понатамошен развој. Исто така, се истакнува и по начинот и условите за работа со учениците со посебни образовни потреби, преку индивидуализиран пристап и соработка со стручната служба и родителите.

Силни страни

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците според полова и етничка припадност и следење на успех по наставни предмети;
- Подобрување на постигнувањата на учениците преку реализација на редовна, дополнителна и додатна настава;
- Добра соработка и координирана работа меѓу наставниците, директорот и стручната служба;
- Висока опфатеност на учениците со воннаставни активности чија продуктивност се презентира на училишни манифестации, приредби и ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво;
- Наградување на учениците кои постигнале значајни резултати на натпревари и конкурси;
- Ефективна и континуирана работа на стручната служба во училиштето;
- Отворена и конструктивна соработка меѓу наставниците и родителите, насочена кон подобрување на успехот и поведението на учениците;
- Систематско следење на редовноста на учениците според пол и етничка припадност, со анализа на причините за отсуство и навремено преземање конкретни мерки за зголемување на редовноста.

Слаби страни

- Недоволна соработка со дел од родителите чии деца покажуваат послаби резултати или чести отсуства;
- Зголемен број на ученици кои добиле усна или писмена опомена;
- Зголемен број на отсуства кај учениците.

Приоритети

- Мотивирање на учениците со потешкотии во совладувањето на целите да посетуваат дополнителна настава;
- Мотивирање на учениците да учествуваат на конкурси и натпревари;
- Подобрување на соработката со родителите на ученици кои имаат поголем број отсуства или потешкотии во однесувањето.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Индикатори за подрачјето:

3.1 Училишна клима

3.2 Еднаквост и правичност

3.3 Партнерски однос со заедницата

3.4 Севкупна грижа за учениците

Собирање податоци		
Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Лого на училиштето; • Аудио ЦД/ со снимена химна на училиштето;	Углед/имиџ на училиштето	Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Училиштето во локалната средина е препознатливо по квалитетот на работењето, постигањата на учениците во повеќе области и културата на живеење. Сето ова не би било возможно без вклученост на сите вработени во училиштето, ученици и родители. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности, училиштето има своја химна и свое лого. Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија.

• Кодекси за однесување;	Кодекс на однесување	Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Постојат повеќе кодекси што се однесуваат на сите субјекти во нашето училиште: Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите. Исто така, училиштето има Куќен ред, со кој се запознаваат учениците и родителите на првата родителска средба во почетокот од секоја учебна година. На прашањето „ **Сите ги почитуваат Кодексот на однесување и Куќниот ред“ 83% од наставниците целосно, а 17% делумно се согласуваат., нема наставници кои сметаат дека не се почитува кодексот на однесување.** 
• Куќен ред • Правилник за однесување во ОУ	Училишна клима	Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Најголем дел од учениците имаат чувство на постојана поддршка, што покажува и анкетата.

		11. Во училиштето знам кому можам да се обратам ако ми е потребна било каква помош 
• Е-дневници на паралелки; • Полугодишни и годишни извештаи на училиштето; • Распореди и писмен документ од дежурство на наставници;	Поведение и дисциплина во училиштето	Во училиштето постојат пропишани процедури (правилници) за преземање мерки во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексите. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Отсуствувањето на учениците од училиште најчесто е од оправдани причини, болест, учество на натпревари и сл. Соработката меѓу наставниците и родителите се базира на заемно почитување на личностите, респект кон различните мислења и прифаќање на предлози и мерки за подобрување на соработката. Во текот на учебната година со цел да се одржи редот, дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето се организирани секојдневни дежурства од предметни и одделенски наставници, како и од ученици од предметна и одделенска настава. После завршувањето на дежурството наставниците евидентираат забелешки во писмен документ. Немаме ученици со поведение кое не е примерно. Мали и незначителни проблеми се санкционирани според правилник за изрекување на педагошки мерки, но досегашните искуства во текот на овие две години кои се период на разгледување на самоевалуацијата, не даваат примери на повисоки казни, освен усна или писмена опомена/ укор од одделенски раководител.

• Извештај за работа на Училишната заедница и записници од одржани состаноци и избор на членови на Ученичка заедница и Ученички парламент • Анкети и прашалници	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Учениците учествуваат во решавање на проблеми и донесување на одлуки кои се од нивен интерес. Тоа се реализира преку активностите на Училишната заедница/Ученички парламент со која редовно се одржуваат средби и работилници. Избрани се ученици кои според законот за основно образование се претставници во Училишниот одбор, дете правобранител и заменик. Донесените одлуки на учениците се почитуваат при решавање на проблеми. Во текот на преминот од одделенска во предметна настава, како и во врска со пубертетските проблеми од социјално- психолошка природа во погорните одделенија, наставниците секогаш и стручната служба им помагаат на своите ученици. Така со тврдењето: По однос на тврдењето З**нам каде и кому во училиштето да се обратам во случај на потреба или некаква помош**, 85% од родителите се согласуваат, 13% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 2% не се согласуваат со тврдењето. 

Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Годишни програми на наставниците по одделенска настава, • годишна програма по наставниот предмет граѓанско образование и програмата на училишната заедница од ОЖВ • Одделенски дневници • Извештаи и записници од одржани одделенски совети, наставнички совети, извештаи од работата на наставници по соодветни предмети • Записници од активности за мултиетничка	Познавање и почитување на правата на децата	На часовите по наставниот предмет граѓанско образование и на часовите на одделенските заедници учениците се запознаваат со нивните права и обврски. Исто така преку работилници од прирачникот за образование за животни вештини и активностите на часовите учениците учат за нивните права и обврски. Притоа активностите одат според следниве чекори: - запознавање на учениците,најпрво,општо,а потоа поединечно со основните човекови права -разгледување на правото на еднаквост пред законот на сите граѓани во демократската држава - поимот правда и право како една од основите на демократијата - поимот дискриминација како општествена појава -културализмот како основен елемент на идентитетот со сите негови аспекти - мултикултурата како богатство на културниот идентитет на една демократска држава - одржување на online дебати со учениците за сите овие појави и процеси во општеството Во врска со почитување на правата и еднаквоста на учениците на прашањето „ **Учениците можат слободно да ги искажат своите мислења и ставови“** 71% се согласуваат, 17% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 11% не се согласуваат со тврдењето.

интеграција во образованието • Мултикултурализам и интернационализација на училиштето поврзани со Еразмус проектот • Потпишан меморандум за збратимени училишта; • Фотографии, записници и извештаи од реализирани активности;		13. Учениците можат слободно да ги искажат своите мислења и ставови се согласувам 75 делумно се согласувам 18 не се согласувам 12 
	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Во училиштето имаме ученици со различни психофизички способности. Истите многу добро се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава. На прашањето **Наставниците од училиштето им даваат подршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, или на учениците со пречки во развојот.** 81% од учениците се согласуваат, 14% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето.

15. Наставници од училиштето им даваат подршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, или на учени ците со пречки во развојот



Со ова тврдење на наставниците се согласиле и учениците кои на прашањето „**Наставниците ви помагаат да го подобрите вашиот успех без оглед на вашиот пол, етничка припадност и интелектуални способности**. 86% од учениците се согласуваат, 9% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 6% не се согласуваат со тврдењето.

2. Наставниците ви помагаат да го подобрите вашиот успех без оглед на вашиот пол, етничка припадност и интел ектуални способности



Во училиштето добро е прифатен и се промовира мултикултурализмот преку проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето позитивно ја промовира етничката, културната и верската различност во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја

		почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без разлика на која етничка група припаѓаат. Во училиштето редовно се реализираат воспитни теми од оваа област, а исто така се организираат и активности кои обезбедуваат меѓуетничка соработка на учениците и вработените. Нашето училиште е збратимено со основното училиште „ Крсте Петков Мисирков“ – с. Бистрица. Во текот на периодот додека се изведува онлајн наставата активностите во оваа област се сведени на минимум.

Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Извештај за работа на училиштето; • Записници од Совет на родители и родителски средби; • Записници од одлуки од состаноци од Училишен одбор; • Увид од Веб – страната на училиштето; • Анкетни листови за родители, наставници,ученици	Соработка на училиштето со родителите/старателите	Соработката на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. На самиот почеток на учебната година по пат на предлог гласање од страна на родителите кои се свикани на родителска средба од страна на одделенските наставници се избира претставник – родител кој ќе ги застапува во Советот на родители која е организирана форма на работа во рамките на училиштето. Избраниот родител има должност да оди редовно на седници на Совет на родители, кој пак го свикува претседателот на Советот на родители на целото училиште избран од членовите на Совет на родители и редовно да ги известува родителите во одделението за сите донесени одлуки, предлози и сл. На тој начин сите родители во ОУ се транспарентно информирани за актуелностите во училиштето и имаат право на донесување одлуки во интерес на учениците. Се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето и даваат идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно-образовната работа. По однос на тврдењето **„Соработувам/ учествувам во наставни или воннаставни активности на училиштето кога има потреба од родителска поддршка“** 83% од родителите се согласуваат, 17% од родителите делумно се

		согласуваат со ова тврдење, 1% не се согласуваат со тврдењето.  Исто така претставници од родителите членуваат во Училишниот одбор на училиштето, заедно со други претставници и донесуваат одлуки важни за непречена и континуирана работа на училиштето. Родителите се вклучени и во изработката на Годишната програма на училиштето. Соработката на родителите со училиштето се остварува во повеќе форми: задолжителни родителски средби, кои се свикуваат на почетокот на учебната година, после завршување на првото тромесечие, првото полугодие, второто тромесечие и на крајот од учебната година како и по потреба од страна на одделенскиот наставник или родителите, отворени денови за соработка, индивидуални родителски средби и др. За време на родителските средби често се вклучени и стручните служби во училиштето: директорот, педагогот, психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор кои разговараат со родителите и донесуваат важни одлуки кои се однесуваат за успехот, постигнувањата, поведението на учениците како и мерки за дисциплина, помош од стручно лице, проценка итн. Родителите на учениците кои пројавуваат несоодвено однесување или имаат

		неоправдани отсуства се повикуваат на разговор од страна на стручните служби и се води постапка за разрешување на проблематичните ситуации. Родителите се информираат за успехот и постигнувањата на своето дете и преку пристапот во Е-дневникот. Овозможено им е да ги следат сите содржини кои се обработуваат по предмети, но и стандардите кои учениците треба да ги усвојат, а произлегуваат од планот и програмата за соодвеното одделение кое го изучува ученикот како и др. активности кои се реализираат во текот на учебната година. Училиштето е во постојана соработка со сите родители, често пати се организираат работилници каде што се вклучени и родителите со цел да се усвојат поквалитетни знаења пр. родители пожарникари, доктори, стоматолози, пекари, сообраќајни полицајци итн. Исто така родителите се вклучени и соработуваат со наставниците за време на училишни приредби, претстави и други манифестации, Патронен празник на училиштето, работилници, ЕКО акции и др.
• Извештај за работа на училиштето; • Записници од Совет на родители и родителски средби; • Записници од одлуки од состаноци од Училишен одбор; • Увид од Веб – страната на училиштето;	Соработка со општината и со урбаната заедница	Со цел на подобрување на квалитетот на наставата, во училиштерто се интегрираат наставните планови и програми со карактеристиките и потребите на локалната средина преку постојана директна соработка, Совет на родители, дописи, преку воннаставни активности: културни манифестации, посети, претстави, акции, спортски натпревари, проекти и друго.Нашето училиште има соработка со општина Битола, на училиштето, Советот на градот и Градоначалникот, се разменуваат информации, иницијативи, услуги, се доставуваат потребни информации за добро функционирање на училиштето, особено со секторот образование, со Министерството за образование, Бирото за развој на образованието. Училиштето има соработка со КУД „Илинден” – Битола, имено празникот „Весел петок” кое се слави во населбата Јени маале каде што територијално припаѓа и нашето училиште се прославува со зедничка соработка на традиционален, автентичен начин.Секоја година учениците заедно со своите ментори - наставниците го посетуваат Домот за стари лица Сју Рајдер во Битола и пред штитениците – старите луѓе изведуваат приредби, донираат различни подароци и сл. Се со цел за кратко да им донесат свежина и

		топлина во нивните поодминати години.Училиштето соработува и со Здравствениот дом – Хаим Абраванел, каде што учениците извршуваат систематски прегледи, вакцинации, стоматолошки прегледи и слично. Соработка и со ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација кои ги опфаќаат учениците од прво одделение со редовни третмани во текот на учебната година. Соработка се остварува со Националната установа – Универзитетска библиотека ,,Климент Охридски" – Битола каде што учениците настапуваат на поетски читања, промоции на книги, литературни читања, работилници, како учесници или како гости на друго училиште. Соработка се остварува со други училишта од општина Битола по повод спортски натпревари, ноќна трка во чест на роденденот на градот 4 ти Ноември, хуманитарни акции и др. Училиштето има активна соработка со Црвениот крст на РС Македонија и организира хуманитарни акции во собирање на училишен прибор, облека, хемиски средства за лична хигиена, храна, наменети за социјално загрозени семејства, деца без родители и др. категорија на граѓани на кој им е потребна нужна помош и заштита. Се остварува соработка со Центарот за култура – Битола каде што учениците ги посетуваат Детските музички фестивали ,,СИ –ДО", ,ТРА-ЛА-ЛА" и др. како и Народниот театар и сцената на театарот Манаки каде учениците гледаат театарски претстави и филмски проекции. Во насока на оваа точка од индикаторот за соработката со урбаната/локална заедница анкетираните наставници ги дале следните одговори на прашањето **„Урбаната заедница/ локалната средина е активно вклучена и нуди разни видови поддршка за воспитно-образовниот процес"** 77% од наставниците се согласуваат, 22% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење, и 1 % од наставниците не се согласуваат со тврдењето.

		20. Урбаната заедница/ локалната средина е активно вклучена и нуди разни видови поддршка за воспитно-образовниот процес 

Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Кодекс на однесување; • куќен ред на училиштето • набљудување на условите во училиштето; • Протокол за заштита на учениците од насилство,злоупотреба и запоставување“ • анкети/интервјуа со наставниците,	Превенција и заштита од насилство	Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. За време на одделенските часови, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, се вложуваат огромни напори учениците да се информираат за своите права и обврски. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. Училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Постапувањето во насока на заштита на учениците доколку има потреба, се врши врз основа на донесен „ Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запоставување“

родителите и со учениците; • педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; • записници од советувања; • извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); • записници од советот на родители и родителски средби; • анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници; • педагошка евиденција и документацијата; • организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците		По однос на тврдењето **Во училиштето добивам едукација за препознавање, спречување и справување со меѓуврсничкото насилство.** 83% од учениците се согласуваат, 10% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 8% не се согласуваат со тврдењето.  Наставниците од I до IX одделение редовно ги користат содржините од наставните програми за да ги промовираат на суптилен начин еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Во врска со превенција од насилство се реализираат активности во соработка со локалната заедница: посета од претставници од СВР-Битола, едукативни предавања од полициски службеници, посета на спортски натпревари, работни средби на полициски службеници со Совет на родители, полициска мешана патрола, посета на ликовна изложба-полицијата и граѓаните.

на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; • записници од спроведените активности за професионална ориентација		
	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Во училиштето често се спроведуваат работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога и од стручните служби во училиштето и од надворешни организации како Центар за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и др. Покрај тоа, на видни места е истакнат Кодексот на однесување. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Се работи според предвидените постапки во Законот за заштита од пушење.
	Квалитет на достапна храна	Учениците имаат постојано предавања за здравата храна и исто така имаат практични наставни и воннаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно да засадуваат и одгледуваат растенија и како здраво да се хранат. Кампањата ја вршат самите наставници во текот на часовите на одделенската заедница и преку часови каде имаат интеграција на еколошка едукација. Исто така, се организираат предавања на стручни лица за здрава храна.
	Хигиена и заштита од болести	Во училиштето се реализира едукација за превенција од болести преку здравствено воспитание (Час на одделенската заедница, часови по биологија, предавања преку предавања и работилници од стручни

		лица). Учениците се поттикнуваат да јадат здрава храна и носење на здрава храна како оброк за време на големот одмор. Редовно се предупредува на опасностите од јадење на брза храна. Се организираат панаѓури со здрава храна со цел да се согледа бенефитот од конзумирање на здрава храна. Се реализираат редовни вакцинации и систематски прегледи за учениците во соработка со училишната амбуланта „Даме Груев“ (ЈЗУ Хаим Абраванел) според редовен план на оваа здравствена установа. Систематските прегледи за вработените се вршат редовно на почетокот на секоја учебна година, а по потреба и во текот на годината. Во почетокот на учебната година реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простоории во училиштето и подрачните училишта. Учениците имаат практични и стручни предавања од Институции, Невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести.
	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Училиштето превзема различни активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди. Училишната зграда и училишниот двор се безбедно место за престој на деца на возраст од 6 до 15 години. Инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, струјни места, подови, прозорци) се безбедни и не претставуваат опасност за учениците. Во рамките на Годишната програма на училиштето постои програма за спасување и евакуација во случај на земјотреси и пожари. За време на состаноците на Подмладокот на Црвен Крст одговорните ученици се обучуваат за давање на прва помош. Училиштето е снабдено со материјали за укажување на прва помош и означено катче за чување на материјалите за прва помош. Училиштето има интерен акт за превземени мерки и активности за заштита на учениците и вработените во случај на елементарни

		непогоди. Училиштето има план за евакуација и акционен план. Со стрелки по ѕидовите јасно се означени патеките по кои треба да се движат учениците за време на евакуација. Повеќе пати во годината се спроведуваат вежби / симулации на елементарни непогоди за евакуација на учениците од училишната зграда. Учениците го препознаваат знакот кој алармира елементарна непогода и крај на истата. Со учениците на часовите на одделенската заедница се разговара за постапките и однесувањето за време на елементарна непогода. Само подрачното училиште во с. Карамани има громобранова инсталација. На улиците што се во непосредна близина до училиштето (кај предниот влез и задниот влез во училиштето) има пешачки премини, „легнати полицајци“. Централното училиште е делумно оградено, додека подрачните училишта не се ограден. Во училишниот двор има патеки за движење и спортски терени. Училиштето има влез и излез. Во нашето училиште има незначителен број на ученици кои покажуваат насилно однесување. Најчесто е застапено вербалното насилство, а многу ретко е присутно физичкото насилство. Во училиштето има интерен акт „ Правилник за однесување во училиштето“ за однесување на деца и возрасни во такви ситуации и како да се препознаваат лица– потенцијални вознемирувачи. За безбедноста на учениците се грижат и дежурни наставници пред почетокот на часовите и за време на одморите. Распоредот на дежурства на наставниците е истакнат на видни места во наставничка канцеларија и на огласни табли во училишниот ходник. Од анкетата на ученици, како и од фокус групите може да се забележи дека учениците во најголем дел се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето , но останува простор за подобрување на состојбите.

		7. Се чувствувам сигурно и безбедно во училиштето 
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Педагогот на училиштето во соработка со раководителите на паралелките и родителите / старателите добива објективни и непристрасни информации за таргетирани ученици на кои им е потребна некаква помош. Согласно на тоа, училиштето има увид за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и се изработува соодветен преглед со потребни податоци за тие ученици. Грижата за овие ученици е голема и училиштето им помага на разни начини. Во училиштето се организираат хуманитарни акции за собирање прехрамбени продукти, облека, хигиенски средства, училишен прибор и парични средства. Во соработка со културните установи, за овие ученици организираме бесплатно следење театарски и кино претстави, фестивали и други. Два пати во текот на годината се организираат хуманитарни акции - во септември(кога се донира училишен прибор) и во декември (се донираат новогодишни пакетчиња). Исто така во соработка со туристичките агенции се обезбедува попуст или гратис патувања и викенди за учениците од социјално загрозените семејства.
	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Вработените и учениците имаат коректен пристап кон учениците со пречки во развојот. Сите се однесуваат со грижливост, внимание, емпатија и голема посветеност. Идентификацијата на учениците со емоционална попреченост и други проблеми ја вршат наставниците и стручната служба. За да им се помогне на овие ученици, наставниците и стручната служба имаат

индивидуален пристап во работата.
Учениците генерално знаат каде да се обратат доолку им е потребна помош, а за тоа потврдуваат и резултатите од анкетата и разговорите со фокус групи. По однос на тврдењето **Во училиштето знам кому можам да се обратам ако ми е потребна било каква помош.** 85% од учениците се согласуваат, 10% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 5% не се согласуваат со тврдењето.



Во училиштето нема стази за колички, нема лифт, нема држачи, ниту посебен тоалет за ученици со телесна попреченост во развојот.
По однос на тврдењето „**Училишната зграда и простор се пристапни за сите“** 90% од наставниците се согласуваат, 8% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење, и 2% од наставниците не се согласуваат со тврдењето, кои во дискусија на фокус група ја истакнуваат потребата за обезбедување на рампа-пристап за инвалидизирани лица.



		Слични се одговорите на родителите по ова прашање, односно  Училиштето има тим за поддршка на социо-емоционалната добросостојба на учениците. Има изработено програма и план на активности за работа со ученици со социо-емоционална опреченост во развојот. Психологот во својата годишна програма има испланирано активности за работа со сите ученици со потешкотии и пречки во развојот, како и програма план на активности за идентификување и грижа за ученици со емоционални и други проблеми. Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Наставата за овие ученици се реализира во договор со наставникот или онлајн настава со ученикот доколку е во можност да ја следи таа настава.
	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Учениците секогаш кога имаат потреба се обраќаат до стручната служба во ситуации кога имаат проблем, училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење кое има за цел да обезбеди подеднаква застапеност на содржини за социо-емоционален развој во училишните програми како што се застапени содржини за развој на когнитивните вештини и писменоста. На децата им се потребни социо-емоционалните способности подеднакво колку и когнитивните бидејќи тие овозможуваат да бидат фокусирани на активностите, да се мотивирани, да соработуваат со наставникот и да се согласуваат со другарчињата во одделението. Социјалните и емоционалните

		способности ја зголемуваат способноста на детето да учи, да работи со другите, да обрнува внимание во училницата и да развива други вештини кои се основа за формално учење и социјална интеракција во училишните години и пошироко. По однос на тврдењето **Стручните служби и директорот имаат коректен однос кон мене, покажува грижа за мојот успех и се грижи за мојата безбедност во училиштето.** 81% од учениците се согласуваат, 11% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 8% не се согласуваат со тврдењето. 
	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	Психологот и тимот за професионална ориентација во текот на цела учебна година работи со учениците од 8 и 9 одделение. Се реализираат работилници, индивидуални разговори, се спроведува тест за интереси и учениците се информираат за конкурсот за упис во средно образование. По претходно барање од средните училишта, им се овозможува директна средба со професори од училиштата кои вршат презентација на своите училишта, со струките и занимањата кои постојат во нив, условите за запишување, можностите за напредување и идно вработување.Училиштето во своите простории овозможува и презентации од страна на средните училишта, дистрибуција на флаери до учениците и родителите, пуштање на ЦД материјал за условите кои ги нудат средните училишта, во соработка со локалните

		средни училишта .Стручната служба во училиштето работи на професионалното информирање и ориентирање на учениците преку едукација за избор на струка и училиште во кое ќе го продолжат своето средно образование. Исто така за професионалното информирање и ориентирање на учениците од деветто одд. преку организирани заеднички родителски предавања на родителите на учениците од деветто одд., се врши нивно информирање и запознавање со мрежата на средни училишта кои постојат во градот и во некои други места од државата. По однос на тврдењето **Во училиштето се реализираат програми за заштита на децата од насилство, болести, пороци, професионална ориентација и кариерно советување**. 97 % од наставниците се согласуваат, 3% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето. 

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Угледот и репутацијата на училиштето, како и внатрешната клима и култура, се на високо ниво и претставуваат основа за позитивна афирмација на институцијата на локално, национално и меѓународно рамниште.

Во училиштето се воспоставени јасни и транспарентни **кодекси на однесување** и **куќен ред**, на кои се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите активно придонесуваат кон одржување на редот, дисциплината и позитивната атмосфера во воспитно-образовниот процес.

Во континуитет се води соодветна **педагошка евиденција и документација**, вклучувајќи записници и извештаи поврзани со справување со различни ситуации во рамки на работата на стручната служба.

Учениците се активно вклучени во процесите на одлучување и развој на демократската култура преку **Ученичкиот парламент** и **училишниот правобранител**, кои функционираат согласно утврдената програма за работа.

Во училиштето се почитуваат и промовираат **детските права**, а наставниците реализираат наставни и воннаставни активности со цел учениците и родителите да се запознаат со правата и обврските на децата. Се обезбедува **еднаков третман** на сите ученици, при што се промовираат начелата на **правичност, еднаквост и недискриминација**, како и еднаков пристап до образовниот процес.

Училиштето и наставниот кадар одржуваат **континуирана и продуктивна соработка со родителите и старателите**, кои се активно вклучени во училиштниот живот и во спроведувањето на заеднички активности.

Институцијата има потпишано значителен број **меморандуми за соработка** со локалната самоуправа, јавни установи, невладини и акредитирани организации. Преку овие партнерства се обезбедува постојана поддршка на училиштето преку донации на материјални

средства, опрема и интелектуални услуги.

Во рамки на училиштето се организираат бројни **едукативни активности, предавања и работилници** за превенција и справување со врсничко насилство. Во соработка со локалната заедница и релевантните институции, се реализираат трибини и настани посветени на заштита од дрога, алкохол и пушење, како и активности за промоција на здрав начин на живот, превенција од заразни заболувања и подигнување на свеста за квалитетна и здрава исхрана. И покрај сите напори има ученици кои не се чувствуваат целосно безбедно во училиштето. Не се обезбдени пристапи за сите категории на лица со попреченост, како на пример лица со инвалидитет и тешкотии при движење.

Се спроведуваат редовни **санитарни и систематски прегледи** за учениците и вработените во училиштето, со цел навремено следење на здравствената состојба и обезбедување безбедна училишна средина.

Педагошко-психолошката служба води континуирана евиденција и документација согласно потребите на учениците. Во рамки на својата работа, службата одржува редовна комуникација со наставниците и родителите, пружајќи стручна поддршка при справување со социо-емоционалните предизвици и во унапредување на менталното здравје на учениците.

Во соработка со наставниците, учениците и родителите, педагошко-психолошката служба континуирано обезбедува насочување и советување на учениците во процесот на донесување одлуки за понатамошно образование и личен развој.

Силни страни

- Училиштето ужива углед во градот
- Училиштето користи различни начини на промовирање на активности и постигнувањата на учениците
- Училиштето постојано се залага за почитување на Кодексот на однесување
- Постои солидна соработка меѓу вработените во училиштето

- Наставниот кадар има професионален однос кон учениците и родителите;
- Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии, со телесни пречки во развојот или други посебни потреби
- Учениците во голем дел се изјасниле дека во училиштето добиваат едукација за препознавање, спречување и справување со меѓуврсничкото насилство
- Учениците учествуваат и освојуваат награди на општински, регионални и државни натпревари.
- Односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување без разлика на пол, етничка и социјална припадност;
- Учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесување одлуки, преку Ученичката Заедница која редовно одржува состаноци, и преку истата учениците превземаат активности кои ги изразуваат нивните желби и интереси
- Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Битола, локалната заедница, Биро за развој на образованието (БРО), Министерство за образование и наука (МОН), Министерство за внатрешни работи и други институции

Слаби страни

- Во секоја од зградите (централно, подрачни училишта) недостигаат рампи-соодветни пристапи за лица со попреченост при движење
- Постои дел од ученици кои чувствуваат несигурност при престојот во училиште и не се чувствуваат целосно безбедно
- Нецелосно почитување на Кодексот на однесување

Приоритети

- Да се подобри безбедноста во училиштето
- Да се постават рампи соодветни за лица со попреченост во сите згради

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

4.1 Управување и раководење со училиштето

4.2 Цели и креирање на училишната политика

Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Програма за работа на училишниот одбор; • Деловник за работа на училишниот одбор; • статут на училиштето; • записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни)	Управување со училиштето	Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно- образовен процес. Членови на УО се со легитимен мандат и имаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител. Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и

• Развојна програма на училиштето; • програма за работа на директорот; • програми за професионален развој; • докази за учество и дисеминација на обуки (списоци,агенди, евалуациски листи); • Интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; • Распоред и процедури за користење на просторот и материјалите во училиштето; • докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека		локалната самоуправа е на високо ниво. Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. По однос на тврдењето **Раководниот орган има добра политика на соработка со родителите**, 77% од родителите се согласуваат, 13% од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење, 10% не се согласуваат со тврдењето.  Училишниот одбор во интерес на спроведување на развојната програма на училиштето континуирано ја следи и работата на раководниот орган и вработените, поддржува и следи професионален развој на наставниците, ги следи резултатите и напредокот на учениците, нивното здравје и детски права, поддржува осовремување и подобрување на работните услови, како и континуирано интезивира соработка со телата на училиштето и општествената заедница.

	Раководење со училиштето	Врз основа на Законот за основно образование Орган на раководење во основното училиште едиректорот кој донесува одговорни одлуки. Одговорен е за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во работата на училиштето. Работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Според анкетата на родителите, по однос на тврдењето **Раководниот орган има професионален однос кон работата, се грижи за учениците и подобрувањето на наставно- воспитниот процес во училиштето**, дури 88% од родителите се согласуваат целосно или делумно со ова тврдење, 13% не се согласуваат со тврдењето.  Директорот планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето. Користи јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите. Применува техники за комуникација согласно ситуацијата и вклучените чинители. Креира промени и поттикнува цели. Планира потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за

		вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар. Препознава и наградува индивидуални достигнувања. Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни програми, проекти (мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еко проекти и сл.). Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на годишната програма на училиштето. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница. Изработува и користи инструменти за следење на наставата (подготовка и реализација). Следи наставни часови и дава повратна информација. Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вонучилишни активности). Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците и стручните соработници. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето. Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и презема активности за нивно спроведување. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Соработува со општина Битола, библиотеки, музеи, национални галерии, банки, средни училишта, факултети, градинки, еколошки организации, спортски здруженија, Агенција за млади и спорт.

		1. Проекти во соработка со МОН, БРО, Црвен крст, Пакомак, ОУРЦ „Коцо Рацин“ ➢ Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби; ➢ Заедничка грижа за правилно насочување на учениците ➢ Еко пакет ➢ Меѓуетничка интеграција на младите во образовниот систем 2. Интерни проекти во соработка со нво, здруженија на граѓани, локална и деловна заедница, владини организации ➢ Професионално и кариерно насочување на учениците ➢ Фонд за иновации и технолошки развој ➢ Министерство за образование и наука
	Управување и раководење со ресурсите	Воспитно-образовната дејност во ОУ„Даме Груев“, Битола се одвива во две смени во 4 објекти: зграда на централно училиште на ул. Ѓорче Петров бр.7, „Мало училиште“- месност Триаголник, подрачни училишта во с. Долно Оризари и с. Карамани. Училиштето располага со доволен број простории од кои: 35 училници, 1 наставничка канцеларија, 1 работна просторија за директорот, 1 просторија за педагошко-психолошката служба, 1 просторија за благајник и за правник, библиотека, 2 соблекувални за учениците, санитарни простории за учениците и санитарни простории за наставниците. Училишниот простор целосно ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени. ➢ Училиштето располага со: спортска сала наменета за мали спортови ➢ Едно повеќенаменско спортско асфалтирано игралиште ➢ Адаптација на 2 простории за детска градинка во подрачно училиште с. Д. Оризари ➢ „Мало училиште“ кое располага со комплетно опремени училници и 1 просторија за дневниот престој, мала сала за ФЗО и сензорна соба со асистивна технологија и опрема за

		поддршка на ученици со посебни потреби ➢ Во подрачното училиште во с. Долно Оризари се бојадисани училишните простории, и комплетно е заменет училишниот инвентар. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Кабинетите ги задоволуваат стандардите за изведување на кабинетска настава (нагледни средства, инвентар и сл.). Големиот хол во училиштето се користи за училишни прослави и приредби. Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра, со тенденција на подобрување. Компјутери за учениците има само во кабинетот по информатика и техничко образование, но тие се застарени и нивниот број (6 компјутери) не е доволен за непречено одвивање на наставата. Скоро во секоја училница има по еден десктоп компјутер, но тие се застарени и со ограничени можности за користење на современи образовни алатки. Во подрачните училишта, исто така, скоро во секоја училница има по еден десктоп компјутер, но и тие се со ограничени технички капацитети. Библиотеката во ОУ „Даме Груев“ — Битола е сместена во централното училиште и претставува библиотечен - информативен центар кој постојано собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал на учениците и наставниот кадар. Библиотеката нуди можност за максимално користење на книжните фондови со кои располага, пристап до информаци, а со тоа и подобруваење на културниот и социјалниот живот на учениците и наставниот кадар. Библиотечниот фонд е збогатен со странска литература (англиска и германска) за сите возрасти, добиена по пат на донација. Книгите се позајмуваат во рок од 10 дена и може да позајми секој кој што работи или посетува настава при ОУ „Даме Груев“ - Битола.

		Овој рок може да се продолжи по барање на наставникот или ученикот. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарите. Библиотеката има пристап до интернет и претставува место каде се случуваат работилници и разни други настани.
	Раководење со кадарот	Воспитно-образовната дејност во училиштето ја остварува соодветен воспитно-образовен кадар со својата работа, стручна способност, искуство, внесување нови методи, стратегии и техники на работа во наставата, придонесува за поголема успешност во остварувањето на дејноста. Наставниот процес го реализираат 70 наставници ок кои 2 се магистри и 1 доктор на наука. Нема несоодветни наставници по ниту еден предмет. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар како замена. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно - образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Работата е потпомогната, надополнета и олеснета со 6 образовни асистенти и 1личен асистент, педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатот (дефектолог). Во училиштето има еден наставник со звање наставник ментор. Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите за учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. Училиштето ја почитува законската реулатива за професионален развој на кадарот.

Во училиштето добро се води сметка за поддршка за професионален развој на наставниците, за учество на семинари. Во Програмата за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Потврда за тоа се и резултатите од анкетирањето на наставниците, од кои 97 % се изјасниле дека раководниот кадар на училиштето ги поттикнува за професионален развој и стручно усовршување.



Стручните активи на училиштето редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.
Наставниците од одделенска настава и дел од наставниците од предметна настава ја имаат следено обуката за Новата Концепција за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно - образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.
Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досиеја. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на

		часови од страна на директорот, педагогот, психологот и специјалниот едукатор рехабилитатор (во одделенија каде има ученици со посебни потреби), увид во планирањата и преку активностите на стручните активи. Постои соработка со наставници од други основни училишта, факултети и невладини здруженија во општината и пошироко. Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.
	Следење и унапредување на наставниот процес	Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку еден наставен час во текот на едно полугодие за што се дава повратна инфорнација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. По однос на тврдењето **Раководниот орган покажува искрен интерес за мојот успех и кариера и ме мотивира да се усовршувам“** 93% од наставниците се согласуваат, 7% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето. 

Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
• Развојна програма на училиштето; • Годишна програма за работа на училиштето; • Извештај од самоевалуација; • план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; • анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите учениците; • записници од училишниот одбор,	Процедури за креирање на училишната политика	Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за : -недискриминација -меѓуетничка интеграција -намалување на насилството во училиштата -намалување на семејното насилство -еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност -грижа за здравјето и исхраната на учениците -еколошко образование -безбеден пристап до интернет -безбедно користење на фотографиите на учениците -однесувањето и дисциплината на учениците -евакуирање во случај на опасност -промовирање на постигањата на учениците -реализирање на хуманитарни акции -грижа за учениците од социјално загрозени семејства -градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта, невладини организации). Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формални тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Учениците директно ги чувствуваат придобивките од овие училишни политики, па по однос на тврдењето **Стручните служби и директорот имаат коректен однос кон мене, покажува грижа за мојот успех и се**

советот на родители, наставничкиот совет; • интерни акти; • програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; • деловник за работа за училишниот одбор • план за професионален развој; • буџет и финансиски план на училиштето.		**грижи за мојата безбедност во училиштето.** 81% од учениците се согласуваат, 11% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 8% не се согласуваат со тврдењето. 14. Стручните служби и директорот имаат коректен однос кон мене, покажува грижа за мојот успех и се грижи за мојата безбедност во училиштето се согласувам 85 делумно се согласувам 12 не се согласувам 8 

	Резултати од развојно планирање	Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето која го покриваше периодот до оваа самоевалуација. Во Програмата за развој на училиштето целите на развојната политика се јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница.За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување. Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници и наставни помагала), за сите ученици. Во оваа насока постои простор за подобрување, што го покажуваат и резултатите од анкетирањето на наставниците, родителите и дискусиите на фокус групи. По однос на тврдењето **Училиштето ги задоволува потребите за наставни средства, помагала и други ресурси за успешна реализација на наставата**. 62 % од наставниците се согласуваат, 35% од наставниците делумно се согласуваат со ова тврдење, 3% од наставниците не се согласуваат со тврдењето.  По направената споредба со одговорите на ова прашање од страна на родителите се добиле следните резултати:

		10. Училиштето ги задоволува потребите од наставни средства, помагала и други ресурси за успешна реализација на наставата 
	Планирање и управување со училишниот буџет	Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето има буџетска сметка и сопствени сметки, од кои една самофинансирачка сметка, две дотациски и три донациски сметки. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Во врска со јавните набавки во училиштето има училишна комисија за јавни набавки од мала вредност. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Јавни набавки со поголема вредност на училиштето се реализираат преку општина Битола. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето.

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето нема и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за

распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

Силни страни

- Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.
- Сместувањето и просторните капацитети се добри. Во последните години многу се вложувало во подобрување на , инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства.
- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
- Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
- Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политики

Слаби страни

- Има потреба од модернизација и дополнување на наставните нагледни средства за да се постигне повисоко ниво на визуелизација и практична примена во наставата(недоволен број и застареност на компјутерите во кабинетот по информатика и техничко образование, што го отежнува непреченото реализирање на наставата и користењето на современи дигитални алатки и ограничен пристап до информатичка технологија надвор од специјализираните кабинети, иако во речиси секоја училница има по еден десктоп компјутер).
- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.

- Постои транспарентност во целокупното работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се точно запознати со истото.

Приоритети

- Модернизација и дополнување на наставните нагледни средства за да се постигне повисоко ниво на визуелизација и практична примена во наставата.
- Креирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова оримена.
- Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за целокупната работа и постигања во училиштето .

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

Анкета за родители/старатели (Резултати од извршена евалуација) https://drive.google.com/file/d/1sd524RHpcwVYOVwthO_PpmVXjpLuYa3o/view?fbclid=IwY2xjawNsophleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFvaE02bTZ3czk4QWJxSkJ6AR4EHZ-29NHllfju5_ReDl1wQqV1c2TBuYDvf-s8lTgCBFa3dFJ0QtcwVR4CEg_aem_xCo1qcoPfRk8t3Yj4cuzeA
Анкета за наставници (Резултати од извршена евалуација) https://drive.google.com/file/d/1Pys746R3sLzTdkKr-P39vH9Lw4YC5-wB/view?fbclid=IwY2xjawNsoppleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFvaE02bTZ3czk4QWJxSkJ6AR64Fdomh4U86zA0KlTrRXaeNEr1mnDo3aXmXFFxsx-QPqcwQtWfyHFupcMuNA_aem_R2NAAA8-2S-VcYsoL_Bx5g
Анкета за ученици (Резултати од извршена евалуација) https://drive.google.com/file/d/10P94y7i3iH2xjgkQyLdgUUQBDzz_ea7B/view?fbclid=IwY2xjawNsoelleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFvaE02bTZ3czk4QWJxSkJ6AR6qqygX_9nxLqlvht_SV43x9YYSDh5dob4Mtb1VYlfcT-lkM3dKeJ6g6gaY4Q_aem_MhLDY2Kh3SbFeghm5djPPA
Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба (Резултати од извршена евалуација) https://drive.google.com/file/d/178wr-kBT8rbnBKaqn6ec4_Ha6BqGlFu9-/view?fbclid=IwY2xjawNsoexleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFvaE02bTZ3czk4QWJxSkJ6AR6p6dtLMA5LHwlplUQqcKBDv3aZOEcM97LWJbfBlM-kEaDkQTeZFO6o5-AkGg_aem_uNazlZeWA6oH2F9ZeThljA
Резиме (главни наоди) од фокус групи (Резултати од извршена евалуација) https://drive.google.com/file/d/146tC_UWkqHWYxLK3P9lhOizPe0cyD7lP/view?fbclid=IwY2xjawNsofBleHRuA2FlbQIxMABicmlkETFvaE02bTZ3czk4QWJxSkJ6AR55n8143z0F9TVxmk_6_jLqpvTAcYNVPhi4ubu0Yoxkq9D-1a3oGKcLfhUHew_aem_lZ6D9A2N9JogVP9Cyvlufg
Наоди од набљудување часови
Наоди од други видови набљудувања

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ОУ,, Даме Груев “ период 2023 - 2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/19, 229/20, 3/25, година член 129 и член 130) Основното училиште „Даме Груев“ – Битола изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 30.10.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Нела Неделковска
2. Весна Беровска
3. Снежана Ристовска
4. Кети Неделковска
5. Снежана Талевска

Самоевалуацијата беше спроведена за периодот 2023-2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1. Планирање, настава и учење	Соња Јанкуловска - одговорен наставник Христина Апостоловсла Елена Илиевска Лидија Вишин Наташа Настевска Габриела Ристевски
2. Постигање на учениците	Кристина Петровска - одговорен наставник Александра Шлакеска Валентина Степановска Данаилка Алтипармаковска Џули Димитровска

	Јасмина Андреева
3. Училишна клима и односи во училиштето	Данијела Босилковска - одговорен наставник Симеона Павловска Наталија Аспров Мануела Талевска Николина Настевска Катерина Митревска
4. Управување и раководење	Биљана Додовска Георгиев - одговорен наставник Александра Лазаревска Татјана Гакова Елена Богоевска Александра Крстевска Јасмина Андреева

Во текот на реализирањето на процесот на самоевалуација, секој тим согласно зададените подрачја на оценување систематски и одговорно пристапи кон собирањето и обработката на податоците. Тимовите спроведоа различни активности за да обезбедат сеопфатен и објективен увид во состојбите во училиштето. Применети беа повеќе методи на истражување, меѓу кои анкети, интервјуа, анализа на релевантна документација, како и директен увид во изворите и доказите кои се однесуваат на конкретното подрачје.

Со овие активности беа обезбедени релевантни, веродостојни и проверливи податоци, кои овозможија тимовите да направат сеопфатна анализа и да изготват аргументирани описи на степенот на постигнатост на индикаторите за квалитет. При обработката на податоците, секој тим се водеше од критериумите и стандардите предвидени во методологијата за самоевалуација на училиштата, со цел да се добие јасна слика за реалната состојба во училиштето во однос на конкретното подрачје.

По завршувањето на анализата, секој тим изготви опис и резиме за своето подрачје, при што ги идентификуваше силните страни, како и области во кои се забележани одредени недостатоци или можности за подобрување. Врз основа на добиените сознанија, тимовите формулираа предлози за приоритети, кои претставуваат основа за понатамошно планирање на активности во рамките на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целокупната документација — вклучувајќи ги инструментите, анализите, табеларните прикази, извештаите и резимеата — до Комисијата за самоевалуација, која направи дополнителна ревизија и проверка на конзистентноста и валидноста на добиените резултати. Комисијата ги систематизираше материјалите и ги обедини во една целосна и интегрирана целина, која го претставува завршниот документ од процесот на самоевалуација.

Во насока на обезбедување транспарентност, отчетност и вклученост на сите засегнати страни, резултатите од спроведената самоевалуација беа презентирани и разгледани на седницата на Наставничкиот совет, одржана на 17.11. 2025 година. На оваа седница, сите тимови за поединечните подрачја ги презентираа своите наоди, заклучоци и препораки, при што детално ги образложија

резултатите добиени преку анкетите, интервјуата, увидот во документацијата и другите извори на податоци. Преку отворена и конструктивна дискусија, членовите на Наставничкиот совет имаа можност да поставуваат прашања, да дадат свои мислења и предлози, како и да разменат искуства во насока на подобрување на состојбите во училиштето. На тој начин беше овозможено сите вработени да се запознаат со реалната слика за постигањата и предизвиците во секое подрачје.

Во рамките на дискусијата, се обезбеди заеднички став околу приоритетите што треба да бидат вклучени во понатамошното планирање и реализација на Развојната програма на училиштето. При тоа, беше постигната усогласеност меѓу тимовите и колективот за клучните области на кои училиштето треба да се фокусира во наредниот период.

Овој пристап придонесе за зголемување на транспарентноста и довербата во процесот на самоевалуација, како и за зајакнување на колективната одговорност за квалитетот на воспитно-образовната работа и развојот на училиштето во целина.

Во продолжение се презентирани резимето, силните и слабите страни, како и утврдените приоритети за секое подрачје, врз основа на кои ќе се темели планирањето на мерките и активностите во рамките на Развојната програма на училиштето за наредниот период.

Овие наоди претставуваат јасен приказ на тековната состојба во секој сегмент на воспитно-образовната работа и овозможуваат идентификување на областите каде што училиштето покажува високи постигнувања, како и на оние каде што се потребни дополнителни подобрувања и поддршка.

Табеларниот приказ подолу ги содржи основните описни резимеа, силните страни, слабостите и приоритетите по подрачја, со што се заокружува циклусот на самоевалуацијата и се создава реална основа за планирање на идните активности за унапредување на квалитетот.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Опис/резиме на подрачјето

Подрачјето „Планирање, настава и учење“ се однесува на системската организација, реализирање и оценка на наставниот процес во училиштето, со посебен фокус на квалитетот, ефикасноста и инклузивноста на образовната практика. Тоа опфаќа планирање на наставата согласно националните наставни програми, стратегиските цели на училиштето и индивидуалните потреби на учениците, вклучувајќи ја прилагодеността на наставата за различни стилови на учење, компетенции и ниво на постигнување на образовните стандарди.

Во рамките на ова подрачје, се истакнува значењето на примена на разновидни наставни методи, активности и ресурси, како и на целосно интегрирана употреба на форми и инструменти за оценување, кои овозможуваат континуирано следење на напредокот и мотивирање на учениците кон активно учество и самостојно учење. Дополнително, значајна е интеракцијата меѓу наставниците и учениците, како и меѓу самите ученици, која се потпира на отворена размена на идеи, соработка и размена на искуства, создавајќи позитивна и инклузивна училишна средина.

Подрачјето ја опфаќа и активната вклученост на учениците во изборот и планирањето на воннаставните активности, како и нивното

чество во натпревари, проекти и клубови, што го збогатува формалниот наставен процес и го развива нивниот социјален, креативен и личен потенцијал. Планирањето, поддршката и систематското следење на наставниците се континуирани и структурирани, со цел обезбедување доследна реализација на наставните цели, унапредување на квалитетот на наставата и постигнување одржливи резултати во образовниот процес.
Силни страни • Наставата се планира системски и во согласност со националните програми и стратегиските цели на училиштето. • Наставниците користат разновидни методи, активности и ресурси, со фокус на прилагодување на различните стилови и способности на учениците. • Примената на различни форми и инструменти за оценување овозможува континуирано следење на напредокот и мотивирање на учениците. • Постојат континуирана поддршка и супервизија на наставниците при планирање и реализација на наставата. • Размена на искуства и информации меѓу наставниците е редовна, со цел унапредување на наставните практики. • Интеракцијата меѓу наставници и ученици, како и меѓу учениците, е активно поттикната и се користи за развој на соработка и социјални компетенции. • Учениците се вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности, што го збогатува нивното формално образование. • Воннаставните активности и натпревари се разновидни и се реализираат со опфат на сите ученици, независно од пол и јазик на наставата. • Политиката за оценување е јасно дефинирана и транспарентна, а критериумите и процесите се познати на учениците и родителите. • Континуитетот на успехот на учениците се следи и се анализира за унапредување на наставата и постигнувањата.
Слаби страни • Некои наставници се помалку активни во редовната размена на искуства и добри практики со колегите. • Примената на различни методи и ресурси понекогаш е нееднаква меѓу наставниците. • Недоволна континуирана анализа на ефективноста на оценувањето и неговото влијание врз мотивацијата на учениците. • Ограничена е активната вклученост на учениците во планирањето на наставата и одредени воннаставни активности. • Понекогаш постои недостаток на ресурси или материјали за реализација на сите планирани активности. • Недоволна интеграција на нови дигитални алатки во наставата и во процесот на оценување. • Ограничено следење и анализа на постигнувањата на учениците во однос на долгорочниот континуитет на успехот. • Потребно е понатамошно унапредување на инклузивноста и учеството на учениците од различни етнички и социјални групи

во воннаставните активности.

- Недоволна систематска повратна информација од учениците и родителите за квалитетот на наставата и воннаставните активности.
- Понекогаш недоволна координација меѓу наставници и стручни служби за следење и поддршка на учениците со посебни потреби

Приоритети

- **Јакнење на професионалната соработка меѓу наставниците** – редовна размена на искуства, добра практика и материјали за планирање и реализација на наставата.
- **Унапредување на наставните методи и ресурси** – поголема употреба на иновативни и дигитални алатки, прилагодени на различните стилови на учење на учениците.
- **Континуирано подобрување на оценувањето** – развивање формативни и инклузивни практики, со јасни критериуми и повратна информација за учениците.
- **Поддршка и следење на континуитетот на успехот на учениците** – редовна анализа на резултатите и индивидуализирани мерки за подобрување на постигнувањата.
- **Разновидни и инклузивни воннаставни активности** – обезбедување рамноправно учество на сите ученици, без разлика на пол, јазик или етничка припадност.
- **Јакнење на системот за повратни информации** – редовни анкети и разговори со ученици и родители за квалитетот на наставата и воннаставните активности.
- **Поддршка на наставници преку обуки и супервизии** – професионален развој во планирање, иновативни методи и употреба на алатки за подобрување на наставата.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и при утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите во подрачјето на постигнувањата на учениците.
За надминување на проблемот со ниската мотивација за посетување на дополнителната настава, потребно е учениците да се вклучат во подготвувањето на стратегија за поефективно користење на овие часови. Овој приоритет подразбира активно учество на учениците во дизајнирањето на програмите, со цел тие да одговараат на нивните реални потреби и интереси. Ваквиот пристап ќе ја зголеми свеста на учениците за значењето на дополнителната настава и ќе го зајакне чувството на одговорност за сопствениот напредок.
На тој начин, дополнителната настава ќе стане поатрактивна и поефикасна, а учениците ќе добијат поголема поддршка за постигнување на успех во образованието.
Една од најзначајните предности на училиштето е и утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца.
Систематизираниот пристап кон известувањето претставува важен елемент што ја олеснува двонасочната комуникација и овозможува навремено информирање и решавање на евентуални проблеми. Во последниот период е забележано нагло зголемување на бројот на советувања со родителите, што се смета за позитивен показател за квалитетот на комуникацијата и довербата меѓу училиштето и семејствата. Овој тренд укажува на зголемена подготвеност на родителите за соработка и активно учество во поддршката на образовниот развој на своите деца.
Меѓу силните страни на училиштето се издвојува и раната идентификација на надарени ученици и навременото обезбедување соодветна поддршка за нивен понатамошен развој. Исто така, се истакнува и по начинот и условите за работа со учениците со посебни образовни потреби, преку индивидуализиран пристап и соработка со стручната служба и родителите.

Силни страни

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците според полова и етничка припадност и следење на успех по наставни предмети;
- Подобрување на постигнувањата на учениците преку реализација на редовна, дополнителна и додатна настава;
- Добра соработка и координирана работа меѓу наставниците, директорот и стручната служба;
- Висока опфатеност на учениците со воннаставни активности чија продуктивност се презентира на училишни манифестации,

приредби и ученички натпревари на општинско, регионално и државно ниво;
- Наградување на учениците кои постигнале значајни резултати на натпревари и конкурси;
- Ефективна и континуирана работа на стручната служба во училиштето;
- Отворена и конструктивна соработка меѓу наставниците и родителите, насочена кон подобрување на успехот и поведението на учениците;
- Систематско следење на редовноста на учениците според пол и етничка припадност, со анализа на причините за отсуство и навремено преземање конкретни мерки за зголемување на редовноста.

Слаби страни
- Недоволна соработка со дел од родителите чии деца покажуваат послаби резултати или чести отсуства;
- Зголемен број на ученици кои добиле усна или писмена опомена;
- Зголемен број на отсуства кај учениците.

Приоритети
- Мотивирање на учениците со потешкотии во совладувањето на целите да посетуваат дополнителна настава;
- Мотивирање на учениците да учествуваат на конкурси и натпревари;
- Подобрување на соработката со родителите на ученици кои имаат поголем број отсуства или потешкотии во однесувањето.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Угледот и репутацијата на училиштето, како и внатрешната клима и култура, се на високо ниво и претставуваат основа за позитивна афирмација на институцијата на локално, национално и меѓународно рамниште.
Во училиштето се воспоставени јасни и транспарентни **кодекси на однесување** и **куќен ред**, на кои се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите активно придонесуваат кон одржување на редот, дисциплината и позитивната атмосфера во воспитно-образовниот процес.
Во континуитет се води соодветна **педагошка евиденција и документација**, вклучувајќи записници и извештаи поврзани со справување со различни ситуации во рамки на работата на стручната служба.
Учениците се активно вклучени во процесите на одлучување и развој на демократската култура преку **Ученичкиот парламент** и **училишниот правобранител**, кои функционираат согласно утврдената програма за работа.
Во училиштето се почитуваат и промовираат **детските права**, а наставниците реализираат наставни и воннаставни активности со цел учениците и родителите да се запознаат со правата и обврските на децата. Се обезбедува **еднаков третман** на сите ученици, при што се промовираат начелата на **правичност, еднаквост и недискриминација**, како и еднаков пристап до образовниот процес.
Училиштето и наставниот кадар одржуваат **континуирана и продуктивна соработка со родителите и старателите**, кои се активно вклучени во училиштниот живот и во спроведувањето на заеднички активности.
Институцијата има потпишано значителен број **меморандуми за соработка** со локалната самоуправа, јавни установи, невладини и акредитирани организации. Преку овие партнерства се обезбедува постојана поддршка на училиштето преку донации на материјални средства, опрема и интелектуални услуги.
Во рамки на училиштето се организираат бројни **едукативни активности, предавања и работилници** за превенција и справување со врсничко насилство. Во соработка со локалната заедница и релевантните институции, се реализираат трибини и настани посветени на заштита од дрога, алкохол и пушење, како и активности за промоција на здрав начин на живот, превенција од заразни заболувања и подигнување на свеста за квалитетна и здрава исхрана. И покрај сите напори има ученици кои не се чувствуваат целосно безбедно во училиштето. Не се обезбдени пристапи за сите категории на лица со попреченост, како на пример лица со инвалидитет и тешкотии при движење.
Се спроведуваат редовни **санитарни и систематски прегледи** за учениците и вработените во училиштето, со цел навремено следење на здравствената состојба и обезбедување безбедна училишна средина.
Педагошко-психолошката служба води континуирана евиденција и документација согласно потребите на учениците. Во рамки на својата работа, службата одржува редовна комуникација со наставниците и родителите, пружајќи стручна поддршка при справување со социо-емоционалните предизвици и во унапредување на менталното здравје на учениците.
Во соработка со наставниците, учениците и родителите, педагошко-психолошката служба континуирано обезбедува насочување и

советување на учениците во процесот на донесување одлуки за понатамошно образование и личен развој.
Силни страни • Училиштето ужива углед во градот • Училиштето користи различни начини на промовирање на активности и постигнувањата на учениците • Училиштето постојано се залага за почитување на Кодексот на однесување • Постои солидна соработка меѓу вработените во училиштето • Наставниот кадар има професионален однос кон учениците и родителите; • Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии, со телесни пречки во развојот или други посебни потреби • Учениците во голем дел се изјасниле дека во училиштето добиваат едукација за препознавање, спречување и справување со меѓуврсничкото насилство • Учениците учествуваат и освојуваат награди на општински, регионални и државни натпревари. • Односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување без разлика на пол, етничка и социјална припадност; • Учениците учествуваат во решавањето проблеми и донесување одлуки, преку Ученичката Заедница која редовно одржува состаноци, и преку истата учениците превземаат активности кои ги изразуваат нивните желби и интереси • Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Битола, локалната заедница, Биро за развој на образованието (БРО), Министерство за образование и наука (МОН), Министерство за внатрешни работи и други институции
Слаби страни • Во секоја од зградите (централно, подрачни училишта) недостигаат рампи- соодветни пристапи за лица со попреченост при движење • Постои дел од ученици кои чувствуваат несигурност при престојот во училиште и не се чуствуваат целосно безбедно • Нецелосно почитување на Кодексот на однесување
Приоритети • Да се подобри безбедноста во училиштето • Да се постават рампи соодветни за лица со попреченост во сите згради

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме на подрачјето

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.
Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро.
Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни тенденции. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето нема и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за

организација и реализација на приправничкиот стаж.
Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.
Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

Силни страни

- Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро.
- Сместувањето и просторните капацитети се добри. Во последните години многу се вложувало во подобрување на , инфраструктурата, инвентарот, нагледните средства.
- Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.
- Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.
- Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политики

Слаби страни

- Има потреба од модернизација и дополнување на наставните нагледни средства за да се постигне повисоко ниво на визуелизација и практична примена во наставата(недоволен број и застареност на компјутерите во кабинетот по информатика и техничко образование, што го отежнува непреченото реализирање на наставата и користењето на современи дигитални алатки и ограничен пристап до информатичка технологија надвор од специјализираните кабинети, иако во речиси секоја училница има по еден десктоп компјутер).
- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците.

• Постои транспарентност во целокупното работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се точно запознати со истото.
Приоритети • Модернизација и дополнување на наставните нагледни средства за да се постигне повисоко ниво на визуелизација и практична примена во наставата. • Креирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова оримена. • Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за целокупната работа и постигања во училиштето

Процесот на самоевалуација овозможи објективен и сеопфатен увид во сите аспекти на воспитно-образовната работа на училиштето. Преку анкетирање, интервјуа, анализа на документацијата и тимска работа беа идентификувани силните страни, слабостите и приоритетите кои го определуваат понатамошниот развоен правец на училиштето. Добиените резултати потврдија дека училиштето располага со стабилен кадар, професионално посветен наставен колектив и создадена позитивна училишна клима, во која учениците се чувствуваат прифатени, поддржани и мотивирани. Истовремено, анализата покажа дека постојат области кои бараат дополнително внимание – модернизација на наставата, подобрување на оценувањето, поголема инклузивност, како и систематско следење на напредокот на учениците.

Преку дефинираните приоритети и мерки за унапредување, училиштето ќе работи на:

- зајакнување на професионалната соработка меѓу наставниците,
- подобрување на наставните методи и ресурси,
- развивање формативно и објективно оценување,
- поддршка на учениците со потешкотии во учењето,
- зголемување на безбедноста и инклузивноста на училиштната средина,
- подобрување на комуникацијата со родителите и заедницата,
- како и на модернизација на наставните средства и промоција на постигнувањата.

Училиштето со овој процес го потврди својот континуиран стремеж кон развој, квалитет и општествена одговорност, поставувајќи здрави темели за следната фаза – реализацијата на Развојната програма и понатамошното градење на успешна и современа воспитно-образовна институција.

Се заклучува дека училиштето има јасна визија за својот понатамошен развој и располага со потенцијали да го подигне квалитетот на воспитно-образовната работа на повисоко ниво. Реализацијата на предложените мерки ќе придонесе за унапредување на наставниот процес, зголемување на мотивацијата и успехот на учениците, зајакнување на професионалниот развој на наставниците и создавање современо, безбедно и инклузивно училиште, насочено кон континуиран напредок и квалитет.